СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

✉ул.. Антон Попов бр.1 /4-5 Скопје

☎ (02) 3246 851 3246 852

21.02.2018 год

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 15-1951/1
21.02 2018 год
СКОПЈЕ

ИНФОРМАЦИЈА ОД ЦИК ДО:

-РО Гевгелија, Дојран, Валандово и Богданци;

-РО Свети Николе, Лозово, Пробиштип и Македонска Каменица;

-РО Аеродром;

-РО Берово, Делчево и Пехчево;

-РО Прилеп, Крушево, Македонски Брод;

Почитувани колеги,

Ве информираме дека во вашите региони ќе се одржи изборен процес за дополнување на празните места со членови во регионалниот одбор.

По јавниот увид на избирачките списоци, на кој секој од вас има право и должност да реагира по однос на податоците за адреса и место на живеење, истите - согласно роковник за спроведување на изборни дејствија - по 30 дена од нивното објавување, ќе бидат затворени.

Изборот за дополнување на местото член на регион ќе се спроведе на 22.03.2019 год.од 9 до 18 час.и тоа :

- Во РО Аеродром ќе се спроведе избор за дополнување за уште на еден член во РО;

- Во РО Свети Николе, Лозово, Пробиштип и Македонска Каменица ќе се спроведе избор за дополнување за уште на еден член во РО;

- Во РО Берово, Пехчево и Делчево ќе се спроведе избор за дополнување за уште два члена во РО;

- Во РО Гевгелија, Дојран, Валандово и Богданци ќе се спроведе избор за дополнување за уште на еден член во РО

- Во РО Прилеп, Крушево, Македонски Брод ќе се спроведе избор за дополнување за уште на еден член во РО

Истовремено, Ве потсетуваме дека во изборниот процес може да учествуваат и да го реализираат своето избирачко право сите доктори по стоматологија кои се членови на Комората и кои имаат важечка лиценца за работа.

Изборот ќе се спроведе согласно член 59 точка 1 од Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката

комора на Македонија бр. 02-1684/1 од 22.12.2017 година и врз основа на член 19 став 10 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија (Службен Весник на Р. Македонија бр. 62/2017).

***Согласно член 59 точка 1 од Правилникот - за спроведување на избори за пополнување на испразнето место член во регинален одбор, се применуваат одредбите од Правилникот кои се однесуваат на редовните избори за членови на региони.**

Претседател на Централна изборна комисија

Д-р. Ненад Цветановски

Цветановски